**Република Северна Македонија**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Бр. Уп1 10-29/1**
**14.05. 2024 година**
СКОПЈЕ

Врз основа на член 148 став (3) од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016, 142/2016, 67/2017, 125/2017, 38/2018, 99/2018, 140/2018, 208/2018, 27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019, 42/2020, 74/2021, 215/21, 58/24 и 76/24) и Упатството за начинот и постапката за решавање на приговори во надлежност на Државната изборна комисија, со број 11-2486/1 од 10.10.2021 година, Државната изборна комисија во состав Претседател Александар Даштевски, потпретседател Дитмире Шеху, членовите Оливер Ристовски, Борис Кондарко, Радица Ристеска, Бобан Стојаноски и Абдуш Демири, на седницата одржана на **13.05.2024** година донесе:

## РЕШЕНИЕ

Приговорот во постапката за сумирање и утврдување на резултатите на ниво на општина Чаир во ИЕ бр.1, заведен под бр. **УП1 10-29 од 10.05.2024** година, поднесен од подносителот на листа за кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Политичка партија Левица, преку овластеното лице Јована Мојсоска од Струга, се **ОДБИВА**.

### Образложение

Подносителот на листа за кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, Политичка партија Левица, преку овластеното лице Јована Мојсоска од Струга, на ден 10.05.2024 година до Државната изборна комисија поднесе приговор, кој од страна на Државната изборна комсија е заеведен под УП1 10-29 од 10.05.2024 година, а се однесува на постапката за сумирање и утврдување на резултатите на ниво на општина Чаир.

Имено, подносителот на приговорот наведува дека видно од Записникот од сумирање на резултатите од гласањето на ниво на Општина Чаир, по Образец бр.21 за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија во Изборна единица 1, политичката партија Левица и нејзиниот носител во Изборна единица 1 Димитар Апасиев по сумирањето на резултатите од гласањето за избор на пратеници на 8 мај 2024 година на ниво на Општина Чаир има добиено 337 гласа, а Коалицијата ВЛЕН и нејзиниот носител во Изборна Единица 1 Изет Меџити имаат освоено 8395 гласа. Записникот е уредно потпишан од потребниот број членови на избирачкиот одбор. Меѓутоа наведе дека овој резултат не е правилно евидентиран од страна на Државната изборна комисија, односно на страната за резултати на Државната изборна комисија на контото на Политичката партија Левица и нејзиниот носител во изборна единица број 1 Димитар Апасиев се евидентирани 169 гласови, што не е во согласност со Записникот број 21 за општина Чаир.

Државната изборна комисија постапувајќи по поднесениот приговор на ден 14.05.2024 година во одржа јавна седница, на која во однос на оспорената постапка за сумирање и утврдување на резултатите на ниво на општина Чаир изврши увид во доверливиот изборен материјал Записник бр.21 за општина Чаир, за ИЕ број 1.

Од увидот во Записникот со број 21 кој се однесува за општина Чаир видно е дека над истиот по објавата на првичните резултати, од страна на Општинската изборна комисија уредно е извршена корекција на внесените првични резултати по листи за кандидати за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, по која корекција за кандидатската листа на Политичката партија Левица е видно дека има освоено 169 гласови.

Врз основа на доставениот Записникот број 21 од страна на Општинската изборна комисија во Чаир и по приемот на доверливиот изборен материјал, Државната изборна комисија има постапено правилно и на веб страната за објава на резултати ги има објавено доставените од Општинската изборна комисија, согласно Записникот со број 21, освоени резултати по листи за кандидати на ниво на Општина Чаир за ИЕ 1.

Согласно член 135 став (1) од Изборниот законик ("Службен весник на Република Македонија" бр.40/2006....27/2019 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019....76/24), Државната изборна комисија првичните резултати од изборите добиени по електронски пат ги објавува сукцесивно, а резултатите врз основа на податоците од записниците од општинските изборни комисии односно Изборната комисија на градот Скопје во рок од 12 часа по завршувањето на изборите, додека согласно став (2) од истиот член, Државната изборна комисија конечните резултати од изборите ги објавува веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од денот на нивната конечност.

Имајќи ја предвид напред наведената и образложена фактичка состојба, изведените докази и погорецитираните законски одредби, Државната изборна комисија донесе одлука како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение во рок од 24 часа од приемот на решението може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија преку Државна изборна комисија.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Александар Даштевски**